**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

**Скопје, јануари 2017**

## ВОВЕД

Програмата за поддршка на медијацијата во Република Македонија ја донесува Судскиот совет на РМ и тоа како една од двете предвидени посебни програми за поддршка на овој вид на алтернативно решавање на спорoвите во Република Македонија, што како обврска за Судскиот совет произлегува од чл.27 од Законот за медијација (Службен весник на Република Македонија бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16) .

Според чл.27 од ЗМ**:** *Владата на Република Македонија донесува програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обезбедува поддршка на медијацијата. Програмата се донесува за период од најмалку четири години. Посебни програми за поддршка на медијацијата донесуваат Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија.*

## НАМЕНА

Програмата е наменета за основните судови во Република Македонија со основна и проширена надлежност и за Апелационите судови во Скопје, Штип, Битола и Гостивар.

Истата ќе биде доставена до судовите, а ќе биде достапна и преку интернет страната на Судскиот совет.

Претседателите на судовите имаат обврска да ја достават до секој судија и да обезбедат услови за имплементација на програмата во работењето на судовите.

Судиите се должни доследно да ја применуваат во се како што таа гласи а во насока на воспоставување на институционална соработка на судството со овој вид алтернативно решавање на споровите.

## ВРЕМЕ НА ПРИМЕНА

Програмата се донесува за период од најмалку четири години со можност за нејзино дополнување и унапредување согласно потребите за поддршка и развој на медијацијата во нашата држава.

## ЦЕЛ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма од страна на Судскиот совет на РМ не е единствено исполнување на законската обврска која произлегува од погоренаведената одредба од чл.27 од Законот за медијација, туку и обезбедување мерки и средства за промоција и поддршка на медијацијата во насока на**:**

- обезбедување услови за позитивна клима за промоција, практикување и развој на медијацијата во РМ од страна на судиите при постапувањето во судските предмети, како успешен концепт за решавање на спорни односи помеѓу засегнати страни, а во согласност со законската регулатива и меѓународните прописи кои се однесуваат на медијацијата, посебно Европската Директива бр.52/2008 која е во целост имплементирана при донесувањето на новиот Закон за медијација кон крајот на 2013 година, под услов спорните односи да се медијабилни
- создавање на услови за обезбедување соодветен надзор и контрола на работата на судовите во делот на примената на законските одредби за медијацијата
- надминување на недореченостите и негативните страни како пречки за практикување на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите вон судската постапка
- ажурно следење и обезбедување податоци од работењето на судовите во делот на примената на Законот за медијација и практикувањето медијација воопшто преку АКМИС системот конкретно при постапувањето на судиите кои имаат законска обврска поврзана со медијацијата како можност за решавање на споровите надвор од судовите и постојана надградба и подобрување на АКМИС системот заради обезбедување на точна евиденција на започнати и завршени постапки на медијација во кои судот има надлежност за постапување
- обезбедување континуирана едукација за судиите преку организирање на семинари на тема медијација преку Академијата за судии и јавни обвинители и други релевантни организации
- обезбедување на институционална соработка со Министерството за правда и Комората на медијатори како организациона форма која ги застапува интересите на медијаторите во РМ како и со други органи и организации кои даваат придонес кон развој и промоција на медијацијата.

## СОДРЖИНА

Судиите се должни да ги почитуваат законските одредби со кои се уредува областа на АРС, посебно медијацијата, а се во насока на остварување на погоренаведените програмски цели.

Со оглед да надлежноста на медијаторите е на целата територија на РМ, една од мерките за промоција на медијацијата во судовите, согласно и Акциониот план за медијација на Владата на РМ е според просторните и технички можности и капацитети на секој суд, да се дозволи користење на една канцеларија наменета за медијација во која медијаторите би ги спроведувале постапките на медијација.

Канцеларијата за медијација потребно е да биде видно означена со табла ,,канцеларија за медијација,, и по можност да биде опремена со неопходен канцелариски мебел и техничка опрема. Опременоста на канцеларијата за медијација може да се препушти и на самите медијатори кои можат да ја уредат согласно прописите и потребите за водење и спроведување на постапката на медијација.

Канцеларијата за медијација може да се користи само во текот на работното време на судот, со претходна најава на медијаторот до Претседателот на секој суд за точниот термин на одржувањето на медијациите.

Претходното најавување на потребата од користење на канцеларијата за медијација, медијаторот ќе го изврши во писмена форма во вид на Известување доставено до Претседателот на судот најкасно еден ден пред одржувањето на постапката на медијација.

Претседателите на судовите се должни да го најават терминот на одржување на канцеларијата за медијација кога медијацијата е закажана кај судска полиција заради регулирањето на влезот и излезот од судската зграда на медијаторот и учесниците во постапката на медијација.

Одржувањето на постапките на медијација нема да се дозволи единствено ако медијаторот не достави навремено писмено известување за терминот на одржување на постапката кај претседателот на судот или во случаи кога постојат оправдани причини поради кои не би било можно користењето на канцеларијата за медијација со писмено или усно образложение на претседателот на судот до медијаторот кој има потреба од користење на канцеларија.

Назначување на лице одговорно за давање информации за медијацијата е една од предвидените мерки во насока на остварување на програмските цели. Имено, претседателот на судот е должен од редот на стручните судски службеници да постави лице одговорно за давање на информации за медијацијата за сите заинтересирани странки при решавање на споровите во кои судовите се должни со писмено укажување да им укажат на странките за можноста за решавање на иницираните спорови по пат на медијација.

Доколку странката  сака да се обиде спорот да се реши по пат на медијација, судскиот службеник одговорен за давање информации за медијацијата е должен веднаш да го извести судијата кај кого е доделен предметот за решавање на конкретниот спор заради обезбедување на услови за спроведување постапка на медијација.

Странката која ќе пројави интерес за решавање на спорот пред лиценциран медијатор има право лично да се изјасни за интересот и можноста спорот да се обиде да го реши по пат на медијација, со писмена изјава заверена кај нотар, пред одржувањето на подготвителното рочиште, со изјава дадена кај лицето одговорно за давање информации за медијацијата во судот надлежен за решавање на спорот во кој е странка за што одговорното лице веднаш ќе го извести судијата кој постапува во предметот или странката може на самото подготвително рочиште со изјава дадена пред судија да се изјасни дека сака да се обиде спорот да се реши по пат на медијација.  Изјава за интересот за решавање на спорот по пат на медијација може

да се даде и во самата тужба или писмениот одговор на тужбата само ако странката сама ја составува тужбата односно одговорот на тужбата.

Судскиот службеник кој е назначен за лице одговорно за давање информации за медијацијата е должен да посетува обука за основни познавања за постапката на медијација за која ќе добие сертификат за овластено лице за медијација во соодветниот суд за кој е назначен.

Потребно е да се надгради АКМИС системот заради постојано внесување и ажурирање податоци за користењето на медијацијата во судските предмети каде е таа законски дозволена. Ваквата адаптација на АКМИС системот во судовите е со цел истиот да дава прецизни податоци за постапките на медијација, а како програмска мерка ќе овозможи во секое време да се има реален показател за вистинската фактичка состојба со практикувањето на медијацијата во РМ со поддршка на судовите, да се евидентира заинтересираноста на странките за решавање на споровите надвор од судската постапка и да се согледуаат пречките поради кои странките не се одлучуваат за користење на алтернативните методи за решавање на споровите.

Заради успешна реализација на Програмата за поддршка на медијацијата донесена од Судскиот совет на РМ и правилната примена на законската регулатива која се однесува на медијацијата, ќе се организираат семинари, работилници и друг вид обуки за судиите и судските службеници заради запознавање со постапката на медијација и продлабочување и унапредување на знаењата од областа на алтернативното решевање на споровите.

Секој судија кој постапува во предмети за кои може да се спроведе и медијација, должен е да присуствува на обуки на тема медијација во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и други релевантни организации или институции. Ова од причина за создавање можност за согледување на предностите на медијацијата во однос на судската постапка, а во насока на растеретување на судовите од судски предмети за кои медијацијата е дозволена и заради обезбедување потребни информации за медијацијата од корист за судиите при постапувањето во судските предмети во кои медијацијата е дозволена.

Како програмска цел, Судскиот совет на РМ ќе обезбеди дополнителен стимул за судиите кои постапуваат во судските предмети каде спорот е медијабилен да вложат дополнителни напори на промовирање на медијацијата во судските предмети на тој начин што лично ќе ги поттикнуваат странките спорот да се обидат да го решат по пат на медијација.

Заради остварувањето на целта заради која Судскиот совет ја донесува програмата за поддршка на медијацијата од страна на судовите во РМ, за судиите и судските службеници назначени како овластени лица одговорни за давање информации за медијацијата, а кои успешно ја промовираат медијацијата со покажување на позитивни резултати во постапувањето и воопшто промовирањето на медијацијата и кои имаат добиено повисоки оцени поради успешно практикување на медијацијата, ќе се организираат студиски посети во држави каде успешно се практикува медијацијата од страна на судовите, а заради размена на искуства и продлабочување на знаењата од областа на медијацијата.

На видно место во судот каде е лоциран огласувачкиот простор, секој суд е должен да ја објави јавно Листата на лиценцирани медијатори кои единствено ќе имаат легитимитет да посредуваат во постапките на медијација согласно важечката законска регулатива, по формирањето на новата Комора на медијатори. Листата на лиценцирани медијатори да се објави и на интернет страната на секој суд и истата постојано да се ажурира според објавата на Министерството за правда надлежно за спроведување на постапката на лиценцирање на медијаторите.

Судскиот совет, самостојно и во соработка со Комората на медијатори на РМ и Министерството за правда, ќе обезбеди медиумска промоција преку учество на своите членови во емисии, прес конференции и дебати, отворени денови на медијација, заради промовирање на медијацијата и обезбедување транспарентност на податоците за реалната состојба од практикувањето на медијацијата, а заради надминување на негативностите и подобрување на климата за примена на медијацијата.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**